# Индекс на политички интегритет [1]

# Случај #11 – Припадници на МВР во случаи на незаконско постапување и пропусти во институционалниот надзор

## Вовед

Во фокусот на оваа анализа се повеќе случаи поврзани со припадници на Министерството за внатрешни работи кои, според јавно достапни информации, прекршувале закони и професионални стандарди што самите се должни да ги спроведуваат. Анализата ги опфаќа случаите на полициски службеници кои управувале возила под дејство на алкохол, со активни забрани за возење или без соодветни дозволи, како и случајот со пилот во Одделот за воздухопловни единици кој користел фалсификувана лиценца.

Иако станува збор за различни настани, нивната повторливост отвора сериозни прашања за професионалниот интегритет, внатрешната контрола и институционалниот надзор во рамки на МВР.

## Категорија: Корупција

## Оцена: Скандал (-8)

Согласно Методологијата на Индексот на политички интегритет, овој случај се квалификува како „СКАНДАЛ" поради повторливоста на сериозни незаконски постапки, директно нарушување на јавната безбедност како и институционални пропусти во кадровската и безбедносната контрола. Кога прекршувањата ги прават лица задолжени за спроведување на законите, последиците врз јавната доверба и владеењето на правото се особено сериозни

## Клучни аргументи

### 1. Припадници на МВР ги прекршувале законите што се должни да ги спроведуваат

Јавно објавените случаи на полициски службеници кои управувале возила под дејство на алкохол, со активни забрани за возење и без возачки дозволи или без положени возачки испити, претставуваат сериозно нарушување на професионалниот интегритет.

### 2. Недоволна кадровска и безбедносна контрола во рамки на институцијата

[1] **Методологија на „Индекс на политички интегритет"**

Случајот со пилотот која подолг период извршувал задачи со спорна или фалсификувана документација отвора прашања за ефикасноста на механизмите за внатрешна проверка и надзор. Особено загрижува фактот што станува збор за позиција со висок степен на одговорност и потенцијални безбедносни ризици.

**3. Нарушување на довербата во институцијата задолжена за јавната безбедност**

МВР има клучна улога во заштитата на законитоста и јавната безбедност. Оттука, секое сериозно отстапување од законските и етичките стандарди од страна на нејзини припадници има значително поголемо влијание врз јавната доверба отколку кај други институции.

## Препорака во насока на заштита на интегритетот

Случајот укажува на потреба од доследна примена на принципот на одговорност и поголема транспарентност во постапувањето по случаи во кои припадници на МВР ги прекршуваат законите и професионалните стандарди. Видливата институционална реакција е важна не само за санкционирање на поединечните прекршувања, туку и за зачувување на интегритетот на институцијата и довербата на граѓаните.

Министерството за внатрешни работи да:

- обезбеди поголема транспарентност за исходот од дисциплинските и другите постапки во случаи што предизвикуваат значителен јавен интерес;
- обезбеди доследна примена на професионалните и етичките стандарди за сите вработени, без оглед на нивната позиција или функција;
- зајакне јавна отчетност преку редовно информирање за мерките преземени во случаи на сериозно нарушување на професионалниот интегритет

---

Документот е подготвен од Форум за разумни политики (ФРП) како дел од нашата долгорочна работа на развој и одржување на Индексот за политички интегритет. Анализата се темели на јавно достапни податоци во медиумите и утврдени критериуми на индексот.